OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Скопје, 27 април 2015

## НОВА ДИГИТАЛНА УСЛУГА ОД ОХРИДСКА БАНКА: СМС БАНКА

**Со цел да развие поширок дигитален пристап за своите клиенти, Охридска банка го збогатува портфолиото на дигитални услуги со воведување на услугата СМС-известувања.**

Како дополнување на услугата електронско банкарство, Охридска банка ја лансира услугата СМС-известувања, осигурувајќи на тој начин присутво во сите модерни комуникациски канали.

СМС-известувањата ќе им понудат на клиентите можност за следење на сите трансакции на нивната трансакциска сметка и платежни картички преку нивниот мобилен телефон, каде и да се наоѓаат, 24 часа, 7 дена во неделата. Употребата на оваа услуга ќе им овозможи на клиентите увид во состојбата на нивната сметка во реално време.

Новата услуга од Охридска банка на клиентите им носи бројни предности, како и слобода во избор на типот на СМС-пораки што сакаат да ги примаат. Најважно од сè е тоа што користењето на оваа услуга ќе ги заштити од повеќекратно реализирање на иста трансакција и злоупотреба на нивната платежна картичка.

Услугата СМС-известувања може да ја користат клиенти што имаат трансакциска сметка во Охридска банка и активен мобилен телефонски број од некој од мобилните оператори овластени на територијата на Република Македонија.

За подетални информации во врска со новата услуга, клиентите можат да ги посетат експозитурите на Банката и веб-страницата www.ohridskabanka.mk.

**РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДИ, МАРКЕТИНГ И КОМУНИКАЦИИ**
СВЕТЛАНА ШТЕРЈОВА
+389 2 3167 709

ИГОР МРАКОВ
+389 2 3167 649

ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
ОРЦЕ НИКОЛОВ 54
1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ НА ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 15810 ОД 30.04.2013